**Факултет за информатика**

# ИЗВЕШТАЈ

## за работата на деканот на

## ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИКА

за учебна 2024/25 година

**Скопје, декември 2025 година**

**С О Д Р Ж И Н А**

1. В О В Е Д ........................................................................................................ 3
2. РАБОТАТА НА ОРГАНИТЕ И ТЕЛАТА НА ФАКУЛТЕТОТ И УПИСОТ НА СТУДЕНТИ ........................................................................................................ 3
2.1. Работа на ННС........................................................................................................ 4
2.2 Работа на постојните комисии формирани од ННС ........................................ 4
2.3. Упис на студенти во прв и втор циклус........................................................ 6
3. НАСТАВНО-НАУЧЕН И СОРАБОТНИЧКИ КАДАР ........................................ 7
3.1. Наставен и соработнички кадар ........................................................................ 7
3.2. Покриеност на наставните предмети со наставници........................................ 8
4. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ........................................................................ 9
4.1. Реализација на наставата по студиски програми на додипломски и посдипломски студии........................................................................................................ 9
4.2 Форми на наставно-образовниот процес и методи на проверка на знаењето................ 10
5. НАУЧНО ИСТРАЖУВАЧКА И ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ........................................ 10
6. НАДВОРЕШНА СОРАБОТКА ........................................................................ 11
7. ЗАКЛУЧОК ........................................................................................................ 11

# 1. В О В Е Д

Врз основа на член 114 алинеа (5) од Законот за високо образование, деканот на Факултетот за информатика до ННС и ректорот на универзитетот доставува Извештај за својата работа (најмалку еднаш годишно) за претходната школска година.

Со Извештајот за работата на деканот се врши евалуација на степенот на реализација на сите значајни активности на Факултетот. Преку овој извештај се постигнуваат следните три цели:

- да се обезбеди јасен и концизен преглед на наставно-образовниот процес и научноистражувачката дејност на Факултетот, како и нивната заемна поврзаност;
- да се направи анализа на силните и слабите страни на Факултетот;
- да се изврши процена на ефикасноста и успешноста на работата на деканот како орган на управување со Факултетот.

Со интерните нормативни акти на Факултетот, усогласени со Законот за високото образование, прецизно се утврдени овластувањата и одговорностите на деканот во процесот на управување и функционирање на Факултетот. На тој начин се обезбедува јасна организација на работата, која овозможува повратна информација за степенот на извршување на поединечните задачи и обврски. Во рамките на овој процес, централна улога има деканот на Факултетот, кој ги насочува, координира и надгледува активностите поврзани со реализацијата на утврдените цели и задачи, при што за својата работа одговара пред Наставно-научниот совет, АУЕ-ФОН Универзитетот и Министерството за образование и наука.

Во таа насока, Факултетот презема конкретни и систематски мерки за унапредување на организацијата и зајакнување на одговорноста во спроведувањето на наставно-образовниот процес.

Поконкретно, воспоставени се јасни процедури и механизми за следење и контрола на реализацијата на планираните цели и задачи, и тоа преку:

- изготвување програма за работа на деканот и доставување извештај за степенот на нејзина реализација;
- изготвување годишни извештаи за работата на наставниците и соработниците во однос на извршувањето на тековните обврски, како и континуирано следење на успехот на студентите, со што се обезбедува ефикасен систем за информирање и координација на активностите;
- секојдневна координација и насочување на работата на Факултетот согласно законот и актите на универзитетот.

# 2. РАБОТАТА НА ОРГАНИТЕ И ТЕЛАТА НА ФАКУЛТЕТОТ И УПИСОТ НА СТУДЕНТИ

Факултетот функционира седумнаесст години, при што се стреми кон континуирано остварување на повисоки развојни цели и тој процес е постојана грижа на сите негови наставници и соработници. Овој процес во себе инкорпорира континуирани промени во сите сегменти на органиацијата и работењето на Факултетот, и тоа:

- постојана грижа за постојните студиски и предметни програми на додипломските студии;
- подготовка за отпочнување со нови наставни програми на првиот и вториот циклус на студии;
- направени се значајни подобрувања во техничкото опремување на Факултетот, како во однос на изградбата на современа зградата на АУЕ-ФОН Универзитетот, така и во набавката на современа компјутерска опрема;
- континуирано се следи организацијата на наставата и вежбите, и изведувањето на испитите преку доследно почитување на распоредите, ангажирањето на нови асистенти, организирање на работа во помали групи и сл.
- иновирање на сајтот на АУЕ-ФОН универзитетот на којшто студентите можат да ги најдат сите информации за студиските и предметните програми, распореди на наставата и вежбите; информации за континуираната проверка на знаењата и информации за основната и пошироката литература;
- изработена е и усвоена стратегија за развојот на соработката меѓу АУЕ-ФОН Универзитетот и стопанството во повеќе сегменти преку проекти, а врз основа на заедничката потреба и интерес за оваа соработка.

Во наредниот период ќе се интензивира процесот на промени во насока на што побрзо и поуспешно остварување на дефинираните стратегиски правци на развојот на Факултетот.

Преземените активности и значајните реформи коишто се спроведени во ФОН Универзитетот во изминатиот период, имаат позитивно влијание врз подобрувањето на квалитетот и физиономирањето на наставните планови и програми на додипломските и последипломските студии на Факултетот за информатика.

Во академската 2024/25 година продолжи реализацијата на студии во првиот и вториот циклус на студии.

Ваквата состојба претставува добра и сигурна основа врз којашто може да се потпре идниот развој на Факултетот.

## 2.1. Работа на ННС

- Во академската 2024-2025 редовно се одржуваа наставно-научни состаноци најмалку еднаш месечно.
- На седниците на Наставно-научниот совет успешно се разгледуваа тековните пријави за дипломски и магистерски трудови, како и сите останати тековни настани поврзани со тековните студии.

## 2.2 Работа на постојните комисии формирани од ННС

Во рамките на своите надлежности комисијата ја извршуваше својата работа навремено и квалитетно, согласно ЗВО и актите на АУЕ-ФОН. Евалуацијата се изврши во одредените со актите термини, а резултатите се достапни и јавно објавени. Резултатите од извршената студентска анкета за зимскиот семестар во учебната 2024/2025 година се прикажани во Табела 1:

| Прашање | Просечна оценка |
|---|---|
| 1. Наставникот/соработникот го пренесува наставниот материјал на јасен и разбирлив начин и квалитетно ја реализира наставата | **4.85** |
| 2. Наставникот/соработникот редовно ги одржува часовите и рационално го искористува времето | **4.85** |
| 3. Односот на наставникот/соработникот кон студентите е коректен | **5.00** |
| 4. Постои интерактивност и можност за вклучување на студентите во наставата. | **4.98** |
| 5. Наставникот/соработникот е достапен во определените термини за консултации. | **4.88** |
| 6. Литературата/материјалот за учење и подготовка на колоквиумите/испитите навремено е достапна. | **4.88** |
| 7. Поставените прашања на колоквиумите/испитите се соодветни со понудениот материјал за подготовка на колоквиумите/испитите. | **4.91** |
| 8. Резултатите од колоквиумите/испитите навремено се објавуваат и се достапни за увид од страна на студентите. | **4.80** |

Табела 1: Просечна оценка на студентите на ниво на факултет за реализација на предавањата и вежбите во зимски семестар во учебната 2024-2025

Од спроведеното анкетирање на студентите на Факултетот за информатика при Првиот приватен ФОН Универзитет – Скопје за зимскиот семестар во учебната 2023/2024 година, може да се извлечат следните заклучоци:

- Најниска просечна оцена во летниот семестар на Факултетот за информатика е добиена на прашањето под број 8 “Резултатите од колоквиумите/испитите навремено се објавуваат и се достапни за увид од страна на студентите.” и изнесува 4,80.
- Највисока просечна оцена во летниот семестар на Факултетот за информатика е добиена на прашањето под број 3. “Односот на наставникот/соработникот кон студентите е коректен” и изнесува 5,00.

Резултатите од извршената студентска анкета за зимскиот семестар во учебната 2024/2025 година се прикажани во Табела 2:

| Прашање | Просечна оценка |
|---|---|
| 1. Наставникот/соработникот го пренесува наставниот материјал на јасен и разбирлив начин и квалитетно ја реализира наставата | **4.71** |
| 2. Наставникот/соработникот редовно ги одржува часовите и рационално го искористува времето | **4.77** |
| 3. Односот на наставникот/соработникот кон студентите е коректен | **4.83** |
| 4. Постои интерактивност и можност за вклучување на студентите во наставата. | **4.80** |
| 5. Наставникот/соработникот е достапен во определените термини за консултации. | **4.80** |
| 6. Литературата/материјалот за учење и подготовка на колоквиумите/испитите навремено е достапна. | **4.78** |
| 7. Поставените прашања на колоквиумите/испитите се соодветни со понудениот материјал за подготовка на колоквиумите/испитите. | **4.78** |
| 8. Резултатите од колоквиумите/испитите навремено се објавуваат и се достапни за увид од страна на студентите. | **4.72** |

Табела 2: Просечна оценка на студентите на ниво на факултет за реализација на предавањата и вежбите во летен семестар во учебната 2024-2025

Од спроведеното анкетирање на студентите на Факултетот за информатика при АУЕ - ФОН Универзитет - Скопје за летниот семестар во учебната 2024/2025 година, може да се извлечат следните заклучоци:

- Најниска просечна оцена во летниот семестар на Факултетот за информатика е добиена на прашањето под број 1 “Наставникот/соработникот го пренесува наставниот материјал на јасен и разбирлив начин и квалитетно ја реализира наставата” и изнесува 4,71.
- Највисока просечна оцена во летниот семестар на Факултетот за информатика е добиена на прашањето под број 3. “Односот на наставникот/соработникот кон студентите е коректен” и изнесува 4,83.

### 2.3. Упис на студенти во прв и втор циклус

Во учебната 2024/2025 година бројот на запишани студенти на Факултетот за информатика изнесува 25 студенти во I циклус на студии.

Табела 3: Број на студенти првпат запишани на Факултетот за информатика

| | прв циклус | втор циклус | вкупно |
|---|---|---|---|
| 2024/2025 | 25 | 0 | 25 |

## 3. НАСТАВНО-НАУЧЕН И СОРАБОТНИЧКИ КАДАР

### 3.1. Наставен и соработнички кадар

Факултетот за информатика во учебната 2024/2025 својата дејност ја извршува со вкупно 10 вработени во редовен работен однос и еден вработен во дополнителен работен однос од кои што: наставен кадар 8 лица, и тоа 6 редовни професор, 2 вонредни професори, 1 доцент, 1 лектор во редовен работен однос (Табела 4).

Табела 4. Наставници и соработници со полно работно време според возраст

| Возраст | Професори | Вонредни професори | Доценти | Лектори |
|---|---|---|---|---|
| 25-35 | | | | |
| 36-45 | | 1 | | 1 |
| 46-55 | 5 | 1 | 1 | |
| 56-65 | 1 | | | |
| 66-75 | | | | |

Во однос на ефикасноста на организацијата и внатрешната комуникација во рамките на Факултетот, може да се констатира дека истите се одвиваат во целосна координација со деканот и дека во текот на оваа академска година функционирањето се одвиваше без забелешки.

Што се однесува до кадровската политика, Факултетот предвидува континуирано стручно и научно усовршување на академскиот кадар, вклучително и престои и соработка со странски универзитети и сродни институции.

Понатаму, секој наставник е обврзан редовно да ги унапредува и ажурира наставните програми по предметите што ги реализира, во согласност со современите научни текови и развојот на научната мисла, како и да ги вклучува најновите научни сознанија и достигнувања во наставната содржина.

Дополнително, на почетокот на секоја академска година наставниците доставуваат предметна програма со краток опис, како и листа на задолжителна и дополнителна литература наменета за учење.

Во однос на планираните и спроведените активности, може да се заклучи дека целокупниот наставен процес е реализиран целосно и во согласност со утврдениот план.

Факултетот, исто така, располага со соодветни и квалитетни услови за работа, кои ги исполнуваат сите стандарди неопходни за успешно реализирање на вториот циклус на студии. Во однос на вкупниот број студенти од податоците следи дека на секој наставник доаѓа оптоварување од приближно 20 студенти.

Постојниот состав на наставно-научниот кадар создава услови за квалитетна и ефикасна реализација на наставниот процес на Факултетот за информатика. Сепак, неопходна е континуирана грижа од страна на Факултетот за информатика и АУЕ-ФОН Универзитетот во насока на понатамошно унапредување на наставниот кадар, како и ангажирање на нови професори кои во својата досегашна работа се докажале како истакнати научници и квалитетни наставници.

Наставата на првиот и вториот циклус на студии на сите студиски насоки е целосно реализирана од страна на вработените наставници на Факултетот и Универзитетот.

## 3.2. Покриеност на наставните предмети со наставници

Анализата во однос на покриеноста на наставните дисциплини со наставен кадар покажува дека на Факултетот има ангажирано 10 наставници од Факултетот за информатика, односно 10 наставници во постојан работен однос на ФОН Универзитетот.

Во однос на вклученоста на наставниот кадар во наставно-образовниот процес, може да се утврди дека најголем дел од наставниците се ангажирани со 8 до 10 наставни предмети на матичниот факултет или на други факултети во рамките на АУЕ-ФОН Универзитетот, при што е обезбедена релативно рамномерна распределба на работните обврски меѓу наставниот кадар.

Во поглед на усогласеноста меѓу научната област на наставните предмети застапени во студиските програми на Факултетот и научната област во која наставниците го стекнале својот докторат, може да се констатира дека сите наставни дисциплини се целосно и соодветно покриени со наставници кои поседуваат релевантен докторски степен за предметите што ги реализираат.

И покрај поволната состојба во однос на кадровската покриеност на наставните дисциплини, на Факултетот за информатика е забележлив недостиг од одреден број наставници и соработници, неопходни за непречено одвивање на наставата.

Административно-техничкиот персонал на АУЕ-ФОН Универзитетот обезбедува ефикасно, редовно и континуирано извршување на административните и техничките активности, со што се создаваат услови за квалитетна реализација на наставно-образовниот процес.

## 4. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

### 4.1. Реализација на наставата по студиски програми на додипломски и посдипломски студии

Факултетот за информатика според добиената акредитација имаше право да организира настава на додипломски студии и тоа на студиската програма Компјутерски науки која трае 8 семестри со 240 кредити и последипломски студии – магистерски студии на студиската програма Компјутерски науки како втор циклус на студии кои траат 1+1 семестри со вкупно 60 кредити.

Факултетот за информатика во учебната 2024/2025 година на додипломските студии организираше настава на македонски јазик и настава на магистерски студии на македонски јазик.

Целта на студиите од прв циклус е подготовка на високообразуван стручен кадар од различни области на информатиката. Преку студиските програми е воспоставен балансиран пристап кој ги обединува основните теоретски знаења и стручните и специјализираните знаења што го дефинираат конкретниот професионален профил на дипломираниот кадар.

При осмислувањето и спроведувањето на студиските програми, посебно внимание е посветено на реалните потреби на стопанството во Република Македонија и неговиот капацитет за апсорпција на ваков кадар.

Факултетот за информатика во академската 2024/2025 година реализираше настава на македонски јазик во Скопје.

Целта на вториот циклус, односно на постдипломските студии, е унапредување и продлабочување на стручните и специјализираните знаења од различни области на информатиката, преку интегрирање на дисциплини кои овозможуваат напредна академска и професионална едукација. И во овој контекст, студиските програми се креирани во согласност со потребите на националното стопанство и можностите за практична примена на стекнатите знаења.

Концепцијата на вториот циклус на студии јасно укажува дека АУЕ-ФОН Универзитетот континуирано ги следи општествените, технолошките и економските промени во земјата, со што дава значаен придонес кон развојот на информатичките науки.

Студиските програми се насочени кон овозможување на континуирано надградување на знаењата стекнати на додипломските студии во областа на компјутерските науки, со цел студентите да се оспособат за самостојна и стручна практична примена и да се профилираат како целосни експерти во соодветната област. Програмите се дизајнирани така што ги опфаќаат специфичните аспекти на информатичките науки во различни општествени и економски сектори, при што се поттикнува иницијативноста и вклученоста на студентите во научноистражувачки активности.

Општата цел на студиските програми е едукација на кадар од повисок академски, научен и стручен ранг, со висок степен на професионален, научен и наставен квалитет,

преку примена на европски и светски стандарди за стекнување, креирање и дисеминација на знаења.

Во однос на реализацијата на студиските програми, може да се констатира дека сите планирани обврски на наставниот и асистентскиот кадар се реализирани целосно и навремено. Наставните курсеви завршија согласно утврдениот распоред, а академската година се одвиваше во рамките на предвидените рокови.

Постои усогласеност меѓу планираните и реализираните студентски активности, како што се вежбите, семинарските работи и задачите. Напредокот на студентите се следи и оценува врз основа на повеќе јасно дефинирани параметри, во согласност со ЕКТС моделот.

Системот на оценување е усогласен со ЕКТС стандардите и предвидува полагање на испитот преку два колоквиуми, како и вреднување на присутноста, активноста и изработката на семинарски задачи, со распределба на поените 40+40+10+10. Во учебната 2024/2025 година колоквиумите се реализираа во утврдените колоквиумски недели.

**4.2 Форми на наставно-образовниот процес и методи на проверка на знаењето**

При реализацијата на наставно-образовниот процес, Факултетот користи современа компјутерска технологија и различни наставни помагала со цел да се унапреди квалитетот на наставата и да се овозможи поефикасно усвојување на наставните содржини. Овие ресурси вклучуваат употреба на компјутери, софтверски алатки, мултимедијални презентации и други дидактички средства, кои овозможуваат интерактивен пристап во наставата.

Во однос на проверката и вреднувањето на знаењата, доминантно се применуваат писмени форми на оценување, кои овозможуваат објективна и транспарентна проценка на постигнувањата на студентите. Во овој контекст, најголем дел од испитите се реализираат преку колоквиуми, како дел од системот на континуирана проверка на знаењата во текот на семестарот. Овој пристап овозможува редовно следење на напредокот на студентите, навремено идентификување на потешкотиите во совладувањето на наставниот материјал и поттикнување на континуирана работа и ангажираност на студентите во текот на целата академска година.

## 5. НАУЧНО ИСТРАЖУВАЧКА И ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

Публикациите подготвени од наставниците и соработниците на Факултетот во најголем дел се од областа на информатиката, компјутерските мрежи, вештачката интелигенција и математиката. Тие опфаќаат теоретски и применети истражувања, современи методи и иновативни решенија, со што даваат значаен научен и стручен придонес кон развојот на информатичката наука. Воедно, овие трудови придонесуваат за унапредување на наставниот процес, поттикнување на истражувачката дејност и пошироко популаризирање на научните достигнувања во областа на информатичките технологии, како на национално, така и на меѓународно ниво.

## 6. НАДВОРЕШНА СОРАБОТКА

Универзитетот АУЕ-ФОН насока, има склучено договори за соработка со низа реномирани универзитети, факултети и институти од земјата и од странство, а покрај склучените договори, во тек се преговори за воспоставување на соработка и со други домашни и странски високообразовни установи. АУЕ-ФОН Универзитетот е член на Алијансата на универзитети на Централна и Источна Европа.

Во рамките на оваа соработка се наставниците и соработниците на Факултетот учествуваат во проекти, меѓународни собири, конференции, одбори на списанија и стручни организации, што од голем значај во насока на унапредување и афирмација на Факултетот во насока на остварување на неговите цели и задачи.

Американскиот универзитет на Европа – ФОН беше коорганизатор на две меѓународни конференции во студиската 2024/2025:

• 4th International Conference on Advances in Science and Technology – COAST 2025, Херцег Нови, Црна Гора, објавата: https://confcoast.com/index.html 4–7 јуни 2025. Линк до 14

• XIV International Conference on Social and Technological Development – STED 2025, Требиње, Босна и Херцеговина, 12–15 јуни 2025. Линк до објавата: https://stedconference.com/

Факултетот активно се залага за поинтензивна студентска размена, вклучувајќи ја како составен дел од договорите за соработка. Воедно, континуирано ја унапредува институционалната рамка за организирана и трајна комуникација со идните дипломирани студенти преку Центарот за развој и кариера, кој функционира во рамките на Универзитетот. Овој пристап е од суштинско значење за понатамошно развивање на систем за континуирано образование на дипломираните студенти.

## 7. ЗАКЛУЧОК

Во овој извештај е прикажана и сублимирана целокупната состојба на Факултетот преку детално и сеопфатно согледување на реализираните активности и состојби. Посебен акцент е ставен на степенот на исполнување на планираните задачи, ефектите од преземените активности и нивното влијание врз квалитетот на наставно-образовниот, научноистражувачкиот и организацискиот процес.

Во текот на анализираниот период, Факултетот се соочи со низа предизвици произлезени од општествените и институционалните околности. И покрај ваквите услови, Факултетот вложи континуирани напори за одржување на стабилно функционирање, унапредување на квалитетот на работата и остварување на поставените цели, прилагодувајќи ги своите активности на новонастанатите услови.

Со цел надминување на утврдените предизвици и понатамошно унапредување на состојбите, се предлагаат следните препораки и насоки за дејствување:

Зголемување и соодветно екипирање на професорскиот кадар на Факултетот, во согласност со потребите и обемот на наставните програми, како и со развојните насоки на институцијата;

Зголемување на бројот на соработници и асистенти, во согласност со наставните и практичните потреби на студиските програми, со цел подобрување на квалитетот и ефикасноста на наставно-образовниот процес;

Поинтензивно, систематско и редовно ревидирање и унапредување на предметните и студиските програми, во согласност со современите научни достигнувања, технолошкиот развој и реалните потреби на пазарот на трудот и стопанството;

Поттикнување на научноистражувачката и издавачката дејност на наставниот и соработничкиот кадар, со цел зголемување на научната продукција и видливоста на Факултетот на национално и меѓународно ниво;

Јакнење на меѓународната соработка преку учество во мобилност, заеднички проекти и програми со странски високообразовни институции;

Унапредување на материјално-техничките услови за работа, вклучително и наставните простории, лабораториите и информатичката инфраструктура.

.

Скопје, 20.12.2025,

Декан на Факултетот за информатика

Проф. д-р Билјана Стојчевска